# Општина Кочани

Ул.„Раде Кратовче" бр.1 Кочани, * 2300 Кочани * Република Северна Македонија
Tel. +389(0)33/274-001 • Faks +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk

**Записник од одржана јавна расправа**

**по програмите и нацрт-буџетот на Општина Кочани за 2022 година**

На 10.12.2021 година со почеток во 18 часот во просториите на Мултикултурниот центар во Кочани се одржа јавна расправа по програмите и нацрт-буџетот за 2022 година.

На јавната расправа присуствуваа: Љупчо Папазов, градоначалник на Општина Кочани, членови на Совет на Општина Кочани, раководители од општинската администрација, претседатели на урбани и месни заедници и граѓани на Општина Кочани.

Модераторката на настанот Љубинка Ајтовска ја отвори јавната расправа и даде збор на градоначалникот на Општина Кочани кој изнесе свое видување за значењето на буџетот и побара сите да се вклучат и да дадат конструктивни предлози за неговото креирање.

По излагањето на градоначалникот, раководителот на Секторот за финансиски прашања Дејан Рашков даде образложение за предложениот нацрт-буџет за 2022 година.

Влатко Димитров, раководител на Секторот за уредување и располагање со градежно земјиште даде образложение за предлог-капиталните програми и развојните програми на Општина Кочани.

Потоа Голубинка Георгива, раководителка на Одделението за јавни дејност ги образложи предлог-програмите за млади, за образование и предлог-програмата за спорт за 2022 година.

Аника Илијевска Ѓоргиева, виш соработник за социјална и здрвствена заштита, даде образложенне за предлог-програмата за социјална и здравствена заштита.

По неа, Аспарух Михаилов, соработник за култура ја образложи предлог-програмата за култура за 2022 г.

По првиот дел од јавната расправа, кој беше посветен на презентирањето на општинските програми и буџетски проекции, учесниците на јавната расправа беа повикани да дискутираат и да дадат предлози по програмите и нацрт-буџетот за 2022 година.

За збор се јави Тошо Филиповски, културен работник роден во Кочани, кој имаше три предлози за областа култура:

1. Општината да формира Совет за култура

2. Создавање на културен центар

3. Финансиските средства од буџетот за Програмата за култура да се зголемат и да изнесуваат од 5 до 7 % од вкупниот годишен буџет на Општината.

Збор побара претседателот на Советот на Општина Кочани Лазо Митев, кој апелираше до општинската администрација да најде начини и да аплицира на повеќе проекти годишно со кои може Општината да унапредува во секое поле, да се бара соодветно решение за собраќајот, посебно за зголемување на бројот на паркинг местата, да се најде начин да се реши проблемот на жителите во с. Оризари кои живеат на ул. „Кеј на Револуцијаата", каде околу 10 семејства сè уште немаат фекална и атмосферска канализација и да се реконструираат улиците „Енгелсова", „Пазарски пат" и „Кирил и Методиј".

Збор побара Лазо Симијонов, жител на селото Долни Подлог, кој побара да се реши проблемот со улица „Тодор Мишов" во с. Долни Подлог.

За збор се јави Влатко Димитров кој даде образложение за улицата „Тодор Мишов" и напомена дека во текот на годината ќе се изработи проектна документација за таа улица.

Во дискусијата се вклучи Мануела Саидова, граѓанин на Општина Кочани која бараше Општината повеќе да се залага за животната средина и бараше информации за Ромите, што сè има предвидено за 2022 година.

За збор се јави Дејан Рашков кој ги одговори прашањата на Мануела Саидова и напомена дека за животна средина Општината има издвоено 4.600.000,00 денари за 2022 година за Ромите во капитални проекти има 16.000.000,00 денари за лицата Роми кои живеат во Старата касарна да им се направат типски куќи, 1.800.000, 00 денари од Влада на Република Северна Македонија за препумпна станица и 2.000.000,00 денари од Декада на Роми за реконструкција на улици во Ромското Маало.

За збор се јави Трајче Стојов кој ги постави следните прашања:

1. До кога е предвидено да се донесен урбанистичкиот план за Лесна индустрија

2. Одржувањето на просторот пред „Кам Маркет", кај Кружниот тек кај Автобуската станица да биде позачестено од страна на КЈП „Водовод"

3. Одржувањето на улиците посебно во руралните средини особено кон с. Костин Дол да биде позачестено од Општината.

За збор се јави Влатко Димитров кој ги даде следните одговори:

За ДУП во Лесна индустрија постапката е во тек се чека одобрување од Министерството за транспорт и врски; за одржувањето ќе биде алармирано до КЈП „Водовод“ за просторот пред „Кам маркет“ и за улиците, согласно програмата за патишта, да се прочистуваат два пати во годината.

Во дискусијата се вклучи Тоше Илиев, кој бараше со реконструкцијата во Градскиот парк да се изградат пристапни рампи за лицата со посебни потреби. Општината да предвиде тактилни патеки за лицата со оштететен и послаб вид.

Влатко Димитров даде одговор на поставените прашања. Во врска со пристапните рампи Општината секогаш во проектната документација ги има приоритет лицата со посебни потреби и ќе има пристапни рампи, за соодветни патеки за слабовидните лица ќе треба администрацијата да ги разгледа можностите за реализација.

Љубинка Ајтовска – координаторка за еднакви можности на жените и мажите во Општина Кочани, напомена дека преку планските документи за еднакви можности Општината се труди да ја скенира состојбата во Кочани за пристапни рампи и да упатува препораки за таму каде што потреба.

Аника И. Ѓоргиева напомена дека Општината ќе се вклучи во нов проект каде ќе може да ги мапира сите потреби на лицата со посебни потреби, со што ќе бидат опфатени и барањата и потребите на лицата со пречки.

По излагањата на сите граѓани и општинската админитрација, градоначалникот Љупчо Папазов се заблагодари на сите учесници на јавната расправа и напомена за можноста до 15.12.2021 година сите лица на Општина Кочани кои имаат идеи и конструктивни предлози за нацрт-буџетот да го направат тоа писмено или електронски на меил адресата на Општина Кочани, а општинската администрација ќе се потруди да ги вметне во предлог-програмите.

ОДОБРИЛ

Дејан Рашков – Раководител на Сектор за финансиски прашања

(име,презиме ,потпис и звање на лицето овластено за презимање на финансиски обврски)

Бр.05-3000/1

Датум 16.12.2021

Записникот го водел: Јалчн Нешипов

Соработник за подготовка на седници на Совет